Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

## Општи податоци за здружението / фондацијата

Име на здружението/фондацијата: ПАБЛИК- Асоцијација за истражување, комуникации и развој

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 5681626

Седиште и адреса (улица, број, општина): Орце Николов 93/5, 1000 Скопје

Застапник: Климентина Илијевски

Веб страница: www.public.org.mk

Електронска пошта (e-mail): klimentina@public.org.mk; info@public.org.mk

Телефонски број за контакт: +389 (0) 75 206 229

Лице за контакт: Александра Илоска

## Предлог- иницијатива
## за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија
## за 2021 година

**Наслов на иницијативата:** Препознавање на социјалното менторство како социјална услуга за активација и зголемување на вработливоста на тешко вработливите лица

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија): Трансформација на економијата (МК Рестарт) за забрзан раст и повисок стандард

**Приоритетна цел:** Социјална политика

**Приоритетна цел во согласност со програмата на Владата**: Н/А

**Образложение:** Предлог програмата на Владата за периодот 2020-2024, во областа на социјалната политика преголем фокус става на лицата со попреченост, детска заштита и унапредување на заштитата на стари лица. Останатите ранливи категории граѓани во општетсвото како долгорочно невработени, бездомни, лица без образование и

квалификации, самохрани мајки, лица кои живеат со зависности и други лица кои живеат во социјален ризик остануваат непрепознаени.

Генерално, целокупната програма на Владата не ги зема во предвид ефектите на Ковид-19 врз пазарот на трудот, особено врз стапката на невработеност, како и во креирањето нови категории ранливи лица за чија активација и интеграција на пазарот на труд ќе бидат потребни мерки и програми.

Дополнителен недостаток е отсуството на програми и мерки за активација на лица во социјален ризик, освен мерката подготовката на целосно нов закон за вработување на лица со попречености, воведување на професионална рехабилитација платена од државата во 2021 година и изработка на национален регистар на лица со попречености.

Во 2016 година се воведе нова алатка во работењето на Агенцијата за вработување (профилирање на невработените лица), наменета за лица во неповолна положба на пазарот на трудот, која ја следи веќе воспоставената пракса на изготвување на Индивидуални планови за вработување. По извршеното профилирање (класификација) на невработените, се изготвува ИПВ-верзија 1 (за директно вработливи или лица со умерени пречки при вработување) или ИПВ-верзија 2 (за клиентите со значителни пречки при вработувањето). Неопходно е унапредување и зацврстување на овој процес, со цел згоелмување на активацијата на потешко вработливите лица.

Со цел надополнување на горенаведените недостатоци, предлагаме воведување на нова социјална услуга, социјално менторство, социјална иновација, развиена од страна на Асоцијацијата за истражување, комуникации и развој „Паблик" која воведува нов процес, со јасни чекори за активација на тешко вработливи лица. Социјалното менторство во моментов со поддршка на ГИЗ се пилотира во уште четири земји: Албанија, Србија, Босна и Херцеговина и Косово. Генерираното знаење ќе биде дефинирано во рамки на препораки за јавните политики.

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

**Во согласност со НПАА (2017-2019), развојот на социјалните претпријатија можат да придонесат кон остварување на следното:**

Поглавје Политика на вработување и Европски социјален фонд;

1) Ц1: Подобрување на состојбата со вработеноста во земјатапреку креирање и имплементација ан соодветни мерки за вработување;
2) Ц18- поддршка за вработување на Роми
3) и Ц13- Зајакнување на лицата со посебни потреби.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Иницијативата подразбира препознавање на социјалното менторство како социјална услуга и интеграција на оваа услуга во индивидуалните планови на тешко вработливите лица, регистрирани во евиденцијата на Агенцијата за вработување.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Со воведувањето на предложената социјална услуга, се унапредуваат услугите за активација на тешко вработливите категории граѓани, се намалува стапката на неактивно население и се постигнува подобро поврзување помеѓу понудата и побарувачката на работна сила. Социјалното менторство предвидува активности насочени кон тешко вработливите лица и нивна активација, како и активности предвидени кон подготовка на бизнис секторот да работи со тие лица, со што се надополнува потребата на бизнисите од ниско квалификувана работна сила.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Услугата социјално менторство, по корисник чини 45.000 денари за период од 6 месеци. Во моментов обезбедени се средства за пилотирање на услугата преку Германското друштво за развој. Пилотирањето се спроведува во земјава, Албанија, Косово, Босна и Херцеговина и Србија.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Н/А

Потпис на застапникот

---------------------------------

23.09.2020 година

Public
ПАБЛИК
Здружение за истражување, комуникации и развој Скопје